ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) , чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) и донесената Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2017 година бр.09-125/17 од 23.12.2016, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Предлог Детален Урбанистички План за Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад, Блок 1 - Општина Битола (изменување и дополнување)**

Јавната Презентација по Предлог Детален Урбанистички План за Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад, Блок 1 - Општина Битола (изменување и дополнување) ќе се одржи на ден 06.04.2017 г. (четврток) во 10.00 часот во Салата на Совет на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

Предлог Детален Урбанистички План за Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад, Блок 1 - Општина Битола (изменување и дополнување) се однесува на опфатот кој е дефиниран со следните граници: почетна точка пресек на осовини на улици „Васко Карангелевски" и „Борис Кидрич", на север осовината на улица „Борис Кидрич", на исток осовина на дел од улица „Михајло Апостолски", на југ осовина на планирани колски и пешачки пристапи во реонскиот центар до пресек со осовината на ул. „Васко Карангелевски" и на запад осовина на дел од ул. „Васко Карангелевски" пат каде се спојува во почетната точка.

Графичкиот прилог од Предлог Детален Урбанистички План за Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад, Блок 1 - Општина Битола (изменување и дополнување), ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 06.04.2017 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета. Површината на дефинираниот плански опфат изнесува 4,34 ха.

**Јавната Анкета по Предлог Детален Урбанистички План за Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад, Блок 1 - Општина Битола (изменување и дополнување), ќе трае 10 работни денови почнувајќи од 06.04.2017 год. заклучно со 21.04.2017год.**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со предлог планот, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на предлог планот да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-310/3
31.03.2017 год.
БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА *

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk